Врз основа на член 23 став 4 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 139/09, 149/09, 50/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16) и член 50 став 13 од Законот за локалната самоуправа, а во врска со објавениот оглас бр.03/2019 (со арх.бр.04-4895/2 од 13.12.2019 година) објавен во дневните весници Вечер, Нова Македонија и Лајме,

Градоначалникот на Општина Велес ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за неизбор на кандидат**
**за вработување на неопределено време**

1.За работното место- пожарникар спасител, ниво В4, реден број 105, шифра ПОЖ 02 10 В04 000 за 1 (еден) овластен службеник во ТППЕ Велес по објавениот оглас бр.03/2019 (со арх.бр.04-4895/2 од 13.12.2019 година), **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР НА КАНДИДАТ**.

2.Донесената одлука ќе биде објавена на веб страната на Општина Велес.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Велес на ден 13.12.2019 година објави Јавен оглас бр.03/2019 (со арх.бр.04-4895/1 од 13.12.2019 година) за прием на 2 (двајца) овластени службеници во ТППЕ Велес во работен однос на неопределено време на работно место- пожарникар спасител, ниво В4, реден број 105, шифра ПОЖ 02 10 В04 000 утврдени со актот/систематизацијата на работните места на Општина Велес. На јавниот оглас се јавија 6 кандидати.

Комисијата за селекција, формирана од Градоначалникот на Општина Велес, ги прегледа пристигнатите пријави и документи и изврши проверка на истите. Од извршената проверка Комисијата констатира дека се поднесени 6 пријави и сите се поднесени во утврдениот рок. За извршената селекција на пристигнатите документи и пријави по огласот, Комисијата до Градоначалникот на Општина Велес достави Записник со конечна ранг-листа на селектираните кандидати.

Врз основа на доставениот записник, а согласно член член 23 став 4 од Законот за работни односи и член 50 став 13 од Законот за локалната самоуправа, Градоначалникот не изврши избор за еден извршител од пријавените кандидати и донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се изјави приговор до Градоначалникот на Општина Велес во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на Општина Велес.

Број.04 4895/17
Дата 30.12.2019година

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски

Доставено до
-Списи и архива
-ОУЧР